**Известување за концентрација со која АИ Сирона (Луксембург) Аквизишн С.а р.л. (AI Sirona (Luxembourg) Acquisition S.à r.l.), со регистрирано седиште на 5, руе де Кеписа, Л-1313 Луксембург, стекнува контрола над Алвоген ЦЕЕ кфт (Alvogen CEE kft), со регистрирано седиште на 1065 Будимпешта, ул. Бајчи-Зсилински 41. 3. кат 10, Унгарија (предмет бр. 08-94/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.11.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која АИ Сирона (Луксембург) Аквизишн С.а р.л. (AI Sirona (Luxembourg) Acquisition S.à r.l.), со регистрирано седиште на 5, руе де Кеписа, Л-1313 Луксембург, стекнува контрола над Алвоген ЦЕЕ кфт (Alvogen CEE kft), со регистрирано седиште на 1065 Будимпешта, ул. Бајчи-Зсилински 41. 3. кат 10, Унгарија, преку купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни анктивности:**

АИ Сирона (Луксембург) Аквизишн С.а р.л. е целосно зависно друштво на одредени фондови („Адвент Фондови") управувани или советувани од Адвент Интернешнал Корпорејшн (Advent International Corporation), со регистрирано седиште на Прудентшал Тауер, ул. 800 Бојлстон, Бостон, МА 02199-8069, САД. Адвент е еден од најголемите и најискусни глобални *private equity* инвеститори. Адвент се фокусира на инвестиции во пет клучни сектори, имено бизнис и финансиски услуги; здравствена грижа; индустрија; малопродажба, потрошувачи и слободно време; и технологија, медиуми и телеком.

Ниту АИ Сирона (Луксембург) Аквизишн С.а р.л., Зентива (Zentiva), ниту едно друго портфолио друштво под контрола на Адвент со активности кои остваруваат приход во Северна Македонија, не поседува самостојно или заеднички 10% или повеќе од основната главнина или 10% или повеќе од права на глас во друштво активно на релевантниот пазар во Северна Македонија.

Алвоген ЦЕЕ кфт е дел од група на претпријатија под крајна контрола на Алвоген Лукс Холдингс С.а. р.л. (Луксембург; Alvogen Lux Holdings S.à r.l. (Luxembourg). Алвоген ЦЕЕ кфт, од своја страна, контролира одреден број на претпријатија кои се активни во Централна и Источна Европа во однос на развој, лиценцирање, производство, маркетинг, продажба и комерцијализација на фармацевтски производи и додатоци на исхрана.

Во Северна Македонија, Алвоген ЦЕЕ кфт има регистрирано присуство преку:

— Друштво за трговија и услуги АЛВОГЕН ПХАРМА МАКЕДОНИЈА експорт-импорт ДООЕЛ Гевгелија, со регистрирано седиште на Борис Кидрич 6б, Гевгелија, чија главна активност е продажба, маркетинг и дистрибуција на фармацевтски производи, и

— АЛВОГЕН ДОО БАРИЦЕ - Претставништво Скопје, со регистрирано

седиште на Козара 13А, Скопје, чија главна активност се активностите за промоција.

Релевантниот пазар на производ за пријавената концентрација би можел да се дефинира како *продажба на големо на готови фармацевтски производи*. Што се однесува до географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на *Република Северна Македонија.*

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.12.2019 година
Скопје